Весна ДИМИТРИЕВСКА

УДК: 37.014.53(497.7)
316.344.233.-05:37(497.7)

# ВЛИЈАНИЕТО НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВРЗ СТАВОВИТЕ НА СИРОМАШНИТЕ СЕМЕЈСТВА И ФАКТОРОТ ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Краѿка содржина***

*Сиромашѿијаѿа е мулѿидемензионален феномен шѿо одговара на извесни живоѿни услови кои значаѿ неможносѿ да се учесѿвува во оѿшѿе-сѿвениоѿ живоѿ на заедницаѿа на која ѝ ѿриѿаѓаме. Факѿориѿе кој за нејзино оѿсѿојување се бројни.*

*Овој ѿруд се осврнуваме само на еден асѿецѿ – образованиеѿо.*

*Анализирајќи ги само некои значајни ѿроблеми и сегменѿи на восѿиѿаниеѿо и образованиеѿо на сиромашниѿе семејсѿва во Р. Македонија. Во ѿој кнѿексѿ се анализира сосѿојбаѿа но сиромашѿијаѿа во РМ и се дава одговор на ѿрашањаѿа:*

*Дали образованиеѿо на сиромашниѿе лица е ѿричина за сосѿојбаѿа со сиромашѿијаѿа во РМ?*

*Дали ѿосѿои разлика во сѿеѿеноѿ на образованиеѿо, ѿомеѓу новоосиромашениѿе, ѿрадиционално сиромашниѿе и хронично сиромашниѿе домакинсѿва, во РМ? и*

*Какви се асѿирациите на сиромашниѿе лица за ѿонаѿамошноѿо школување на новоосиромашениѿе домакинсѿва, хонично сиромашниѿе и ѿрадиционално сиромашниѿе домакинсѿва?*

*Овој ѿруд има за цел да даде свој научен доѿринос кон феноменоѿ сиромашѿија како и кон намалуване на сиромашѿијаѿа ѿреку сѿимулиране на сиромашниѿе домакинсѿва да се образуваат.*

***Клучни зборови***: *СИРОМАШТИЈА, ТРАДИЦИОНАЛНО СИРОМАШНИ, ХРОНИЧНО СИРОМАШНИ, НОВОСИРОМАШЕНИ, СЕМЕЈСТВО, ОБРАЗОВАНИЕ.*

## Вовед

Сиромаштијата е мултидимензионален феномен кој го карактеризираат одредени општвествено-економски прилики. Тие, во значајна мерка ја намалуваат можноста за учество на одделни индиви-

дуи во животот и развојот на општеството. Исто така, сиромаштијата негативно влијае врз саморепродукцијата на физичкиот и духовниот живот на човекот, нивните семејства и на пошироките социјални групи во кои тие припаѓаат.

Состојбата на сиромаштија непосредно и мошне значајно влијае врз процесот на саморепродукција и на општествено-економскиот и социјалниот статус на одредени поединци и семејства. Сиромаштијата исто така негативно влијае и на севкупниот духовен живот и состојба на сиромашните семејства и на нивните членови, а особено на планот на: образованието, здравствениот статус, социјалната кумуникација и на нивниот културен живот во најширока смисла на зборот.

Релацијата меѓу состојбата на сиромаштија и семејството е мошне значајна и релевантна. Ова произлегува од фактот што семејство е основна клетка во општеството во која се остваруваат не само основните процеси на човечката репродукција, туку и матерјални, социјални и духовни вредности. Во тој контекст, образованието на членовите на семејството е еден од темелните услови и фактори кој влијае на вкупниот статус и развој на семејството.

Бројни истражувања со право укажуваат на значењето на релацијата меѓу социјалниот статус на семејството и степенот на опфат и квалитетот на континуираното образование на децата воопшто, особено на сиромашните.

Степенот и квалитетот на образованието на младите е значаен индикатор за состојбите и процесите на вкупниот економско-социјален и духовен развој на секое општество.

Вкупниот општествено-економски статус на семејството непосредно влијае на: можноста за вклучување на членовите во вкупниот образовен процес; квалитетот на нивното образование; нивната аспирација за што повисоко ниво на образование и на реалните можности за нивно остварување; као и на ефективната и реалната оспособеност за нивно вклучување во севкупната производна и општвествена репродукција.

Маргинизираната положба на сиромашните семејства во општеството, негативно влијае врз остварувањето на споменатите цели на образованието кај децата и младите.

Овој труд има за цел да укаже на определени аспекти и релации на меѓусебното влијание на одразованието и состојбата на сиромаштија кај одделни типови на семејства во Република Македонија

Притоа се анализаираат само некои аспекти на споменатата релација, што даваат одредена слика за состојбите на сиромашните

семејства и нивната поврзаност со образованието на членовите на овие семејства.

Во тој контекс се прави осврт на прашањата:

- кои се најранливите групи од ризикот на осиромашување, подолгото останување во состојба на сиромаштија како и факторите за репродукција на сиромаштијата;
- профил на сиромашни семејства;
- дали степенот на образованието на членовите од сиромашните семејства, влиае на состојбата на сиромаштија;
- кои се ставовите на члановите на сиромашните семејства кон потребата од нивно образование.

За реализација на ова истражување користени се податоци од Државниот завод за статистика на Република македонија, како и податоци и сознанија од други научни истражувања.

Во рамките на ова истражување, авторот има остварено и квалитативна анализа за квалитетот на живот кај 420 сиромашни семејства кои имаат деца. Анализираните семејства се наоѓаат во Скопје, на територијата на подрачната единица на Ј. У. Меѓуопштински центар за социјална работа за општина Карпош. Оваа подрачна единица во време на истрачувањето ги пофаќаше единиците на локална самоуправа Карпош, Ѓорче Петров, Сарај и Кондово.

Анализирани се семејства што живеаат во типично урбана средина, во повеќе приградски населби и типично селски населби. Исто така, анализираните семејства припаѓаат на различни националности (македонска, албонска и ромаска припадност).

## 1. Сиромаштијата во Република Македонија

Според официјалните податоци и мерења на сиромаштијата, базирани на релативни стандарди, од страна на Државниот завод за статистика во период 2002-2006 год., вкупниот збирен индекс на сиромаштијата, бележи мали осцилации и се движи околу 30 (види табела 1).

Од дреуга страна, индексот на длабочината на сиромаштијата, во анализираниот период, континуирано но со минимално темпо, бележи пораст (види табела 1).

Неповолните состојби и процеси на осиромашување, во државата, особено негативно влијаат на одделни типови на семејства. Во тој контекст најпогодени се оние семејства кои имаат деца (види табела 2).

Следна, најпогодена група на семејства е онаа кај која главата на семејството е без образование или со неоформено основно образование (види табела 3).

### 1.1. *Најранливи групи од ризикот на осирамашување во Република Македонија*

Според нашите истражувања, најранливи групи од ризикот на осирамашување се:

- невработените лица без никакво или основно образование, лицата кои немаат оформено основно и средно образование и лицата кои немаат соодветно средно образование според потребите на пазарот на трудот;
- вработените лица: без образование и квалификација, лицата со ниско образовно ниво и лицата кои се наоѓаат околу граничната линија на сиромаштијата во републиката;
- лицата кои долго време бараат вработување;
- семесјствата со неполнолетни деца;
- семејствата со поголем број на членови;
- младите брачни парови и
- лицата од руралните средини.

### 2.1. *Профил на сиромашни семејства*

Според нашите и други истражувања во Македонија, можеме да говориме за три профила на сиромашни семејства:

- традиционално сиромашни семејства,
- хронично сиромашни семејства и
- новоосиромашени семејства

Кај традиционално сиромашните семејства, преовладува состојбата на изразито ниско образовно ниво на членовите на семејството. Исто така, кај овие семејства, карактеристично е што тие имаат низок економски потенциал. Најчест извор на приходи, кај овие семејства е ситното и манифактурно производство во земјоделието и во некои други стопански дејности. Овие семејства ги карактеризира и доминантното учество на постари лица.

Хронично сиромашни семејства, најчесто се оние семејства каде некој од членовите во семејството е инвалидизиран или има траен хендикеп. Тоа се семејства најчесто без никакви приходи и имот.

Новоосиромашените семејства се „жртви“ на транзициските процеси во нашата република. Тука спаѓаат семејствата чии членови долго време останале невработени, членови кои се вработени но примаат ниски и нередовни плати и разни видови стечејни работници. Кај овие семејства реалните приходи се многу ниски или тие семејства често пати немаат никави приходи.Тоа се семејства кои порано припаѓале на средниот социјален слој. Образовното и квалификационото ниво на членовите кај одовој тип на семејства, е подобро, за разлика од предходните два типа семејства.

## 2. Сиромашните семејства и факторот образование

Во однос на прашањето дали степенот на образованието влијае на сосојбата на сиромаштија, нашето и други истражувања укажуваат дека степенот на образование е еден од најзначајните фактори за состојбата на сиромаштијаата кај одделни семејства. Оваа констатација се потврдува врз основа на изнесените податоци во табела 3. Исто така, добиените податоци од квалитативната анализа за состојбата на сиромаштијаата, кај 420 семејства, ја потврдуваат изнесената оценка.

### 2.1. *Образовната структура на анализираните семејства*

Според нашата анализа на образовното ниво кај сиромашните семејства, констатирано е дека 33,5% од случаите, главата на семејството е без целосно оформено основно образование. Натаму, 41% имаат завршено основно образование, 21,5% се со средно образование а останатиот процент се со вишо или високо образование. Според овие податоци, произлегува дека во 3/4 од испитуваните семејства, главата на семејството има неоформено или целосно завршено основно образование. Овој податок укажува на негативното влијание вна нискиот степен на образование врз состојбата на сиромаштија кај одделни семејства.

Сознанијата добиени од оваа анализа, ги потврдуваат и други истражувања во Република Македониј

### 2.2. *Ставовите на членовите на сиромашните семејства према потребата за образование*

Во ставовите на испитаниците, од потреба за образование, постојат разлики меѓу ставовите на родителите и децата; меѓу типовите

на сиромашни семејства (традиционални,хронични и новосиромашени) како и во зависност од вкупното културно ниво на членовите од семејствата кај различни етнички заедници.

### *2.2.1. Ставови на родителите*

Ставовите на родителите во основа се детерминирани од:

- типот на сиромашното семејство на кое му припаѓаат;
- од степенот на нивното образование;
- од дужината на времето поминато во состојба на сиромаштија;
- од културолошкиот однос кон образованието;
- како и од возраста на главата на семејството.

**Ставовите на родителите** спрема сопственото и образованието на своите деце, во основа е позитивнио кај новоосиромашените семејства и кај семејствата каде родителите се релативно помлади. Ставовите на родителите се менуваат кон негативна и скептична насока, доколку нивната состојба трае подолго време и ако нема видливи и реални промени во нивната состојба и ако не се гледаат перспективи и механизми за надминување на неповолните состојби.

### *2.2.2. Ставови на децата*

**Ставовите на децата во** овие семејства во основа зависат од:

- инфериорниот социјално-економски статус на нивните семејства;
- неможноста во таква инфериорна положба да се гради свест за потребата од образование воопшто, како и за градене свест дека образованието е битен фактор за излез од сиромаштијата;
- ставовите на нивните родители;
- како и од отсуството на поширока и поефикасна општествена акције за надминување на неповолните состојби кај членовите од овие семејства.

Овие неповолни фактори немаат битно влиаат, во најголем број случаи, кај изразито талентираните деца.

**Ставовите на децата** генерално би можеле да се дефинираат како:

- непостоење на развиена свест за оваа потреба;
- недоволна заинтересираност за вклучување во образованиот процес;
- сомнеж кај децата во ефектите од нивното образование за остварување на нивна подобра иднина;
- разни оправдувања за невклучување во образовниот процес, особено кај женските деца од ромските и албанските семејства, кои се сводуваат на ригидни стереотипи за местото и улогата на жената во нивните средини;
- како и оправдувања дека тие имаат желба за образование но дека се ограничени со матерјалните можности на семејството.

### *2.2.3. Културолошки ставови кон потребата од образование*

Културолошките ставови кон потребата од образование имаат одредено негативно влијание само кај некои припадници на одредени социјални слоеви во:

- руралните средини;
- кај помал дел од албанската популација во односот кон образованието на женските деца;
- како и кај пошироката ромска популација во односот кон машките и женсите деца.

## Заклучни ставови

На основа на изнесените сознанија за релацијата меѓу образованието и состојбата на сиромаштија во Република Македонија, произлегуваат следните ставови и препораки:

- да се гради поширока и ефективна научна и друштвена свест дека образованието е еден од основните и најзначајни фактори за побрз и комплексен економско-социјален развој на општеството, за ефикасно намалување на степенот на невработеност како основен извор на сиромаштијата;
- рефори на образовниот систем во функција на развој на стопанството и општеството во целина, а особено за обезбедување на што поголема достапност кон образованието на членовите од сиромашните семејства;
- да се гради и афирма комплексен систем на материјално и духовно стимулирање на сиромашнте семејства кон што поголемо вклучување во образовниот процес и тоа на сите негови нивои, како најефикасен начин за побрзо надминување денешните состојби на сиромаштијата во Република Македонија.

(Рецензент: *проф. д-р Милева Ѓуровска*)

# ПРИЛОГ

**Табела бр. 1** – Релативна сиромаштија во Република Македонији во периодот 2002-2006 година (70% од медијалните еквивалентни трошоци)

| 2002 | | | 2003 | | | 2004 | | | 2005 | | | 2006 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вкупен збирен индекс Head count index | индекс на длабочината Pove-rty gap index | структура | вкупен збирен индекс Head count index | индекс на длабочината Pove-rty gap index | структура | вкупен збирен индекс Head count index | индекс на длабочината Pove-rty gap index | структура | вкупен збирен индекс Head count index | индекс на длабочината Pove-rty gap index | структура | вкупен збирен индекс Head count index | индекс на длабочината Pove-rty gap index | структура |
| 30.2 | 9.3 | 100.0 | 30.2 | 9.4 | 100.0 | 29.6 | 9.4 | 100.0 | 30.0 | 9.7 | 100.0 | 29.8 | 9.9 | 100.0 |

Извор: Соопштение број 4.1.5.56 и 4.1.7.47, Државни завод за статистику на Р. Македонија.

**Табела бр. 2** – Релативна сиромаштија според типот на семејството 2002-2006 година
(70% од медијалните еквивалентни трошоци)

| | 2002 | | | 2003 | | | 2004 | | | 2005 | | | 2006 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупен збирен индекск | индекс на длабочната | структура | вкупен збирен индекск | индекс на длабочната | структура | вкупен збирен индекс | индекс на длабочната Pove-rty gap index | структура | вкупен збирен индекс | индекс на длабочната | структура | вкупен збирен индекск | индекс на длабочната | структура |
| 1 | 30.2 | 9.3 | 100.0 | 30.2 | 9.4 | 100.0 | 29.6 | 9.4 | 100.0 | 30.0 | 9.7 | 100.0 | 29.8 | 9.9 | 100.0 |
| 2 | 28.0 | 7.6 | 15.0 | 23.3 | 6.1 | 11.6 | 18.2 | 5.3 | 3.5 | 22.2 | 5.9 | 3.2 | 24.5 | 6.1 | 2.4 |
| 3 | 30.3 | 9.9 | 9.8 | 30.2 | 9.2 | 9.5 | 28.2 | 8.7 | 13.6 | 24.8 | 7.8 | 8.8 | 23.8 | 9.1 | 8.6 |
| 4 | 36.5 | 11.8 | 39.5 | 38.0 | 12.8 | 42.4 | 35.1 | 11.9 | 52.3 | 33.6 | 11.1 | 57.8 | 33.6 | 12.2 | 56.3 |
| 5 | 26.1 | 7.8 | 35.7 | 26.4 | 8.0 | 36.6 | 25.2 | 7.3 | 30.7 | 27.1 | 8.8 | 30.1 | 26.9 | 7.4 | 32.7 |

Извор: Соопштение број 4.1.5. 56 и 4.1.7.47, Државни завод за статистику на Р. Македонија.

**Легенда:** 1. вкупно. 2. старечки домаќинства, 3. брачни парови со деца, 4. други домаќинства со деца, 5. домаќинства дез деца.

**Табела бр. 3** – Релативна сиромаштија според образованието на главата на домаќинството, 2002-2006 година
(70% од медијалните еквивалентни трошоци)

| | 2002 | | | 2003 | | | 2004 | | | 2005 | | | 2006 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Head count index | Poverty gap index | Composition of poor | Head count index | Poverty gap index | Composition of poor | Head count index | Poverty gap index | Composition of poor | Head count index | Poverty gap index | Composition of poor | Head count index | Poverty gap index | Composition of poor |
| 1 | 30.2 | 9.3 | 100.0 | 30.2 | 9.4 | 100.0 | 29.6 | 9.4 | 100.0 | 30.0 | 9.7 | 100. | 29. | 9.9 | 100.0 |
| 2 | 41.4 | 15.1 | 7.0 | 51.4 | 16.6 | 7.2 | 57.9 | 17.1 | 5.4 | 46.8 | 17. | 5.6 | 53. | 21.0 | 4.8 |
| 3 | 35.7 | 10.2 | 23.2 | 32.8 | 10.2 | 20.3 | 32.8 | 11.7 | 14.8 | 39.9 | 13. | 18.4 | 37. | 13.6 | 15.1 |
| 4 | 37.7 | 12.3 | 38.0 | 37.6 | 12.3 | 37.8 | 38.4 | 12.7 | 45.8 | 38.2 | 13. | 41.5 | 39. | 14.1 | 43.9 |
| 5 | 24.3 | 7.0 | 27.9 | 24.4 | 7.4 | 29.5 | 22.9 | 6.7 | 29.3 | 23.4 | 7.1 | 30.1 | 22. | 6.7 | 31.7 |
| 6 | 14.2 | 3.2 | 1.9 | 19.0 | 5.3 | 2.9 | 17.4 | 4.6 | 2.7 | 17.6 | 4.9 | 2.7 | 17. | 4.6 | 2.6 |
| 7 | 10.1 | 3.4 | 1.9 | 12.1 | 3.0 | 2.3 | 9.1 | 2.1 | 1.9 | 7.3 | 1.7 | 1.7 | 8.9 | 2.3 | 2.0 |

Извор: Соопштение број 4.1.5.56 и 4.1.7.47, Државни завод за статистику на Р. Македонија.

**Легенда:** 1. вкупно, 2. без образование. 3. незавршено основно 4. основно 5. средно 6. вишо 7. високо.

## ЛИТЕРАТУРА


Adams, M., Bell, L. A., Griffin, P. (1997) *Teaching for Diversity and Social Justice*, Routledge: Library of Congress Cataloging.

Георгиевски, Петре, (1999), *Социологија на образованието,* Скопје, Вада.

Димитриевска,Весна ( 1998), *Поим и можности за мерење на сиромаштијата,* Скопје, Фреидрик Еберт.

Димитриевска, Весна, (2005), *Теории за сиромаштија,* Скопје, Годишник, Филозофски факултет.

Јакимовски, Јорде, et. al. (2001), *Социо-економската структура и проблеми на населението во Република Македонија,* Скопје, ИСПП.

Klein, M. D., Chen, D. (2001) *Working with Children from Culturally Diverse Backgrounds*, Delmar: THOMSON LEARNING.

Мефаилескоро, Д. Љ., Фатиме, Д. (2007) *Ромите – E Roma*, Скопје: Фондација Институт отворено општество – Македонија.

Michaei, Haralambos and Martin Holborn (2002), *Sociologija,* prevod Jurinić,P. M. et.al., Zagreb, Golden marketing.

Мицковиќ – Каневче, Н. (2002) *Истражување на проблематиката за ДРУГИОТ во наставните содржини на високото образование во Република Македонија*, Скопје: Фондација Институт отворено општество – Македонија.

Пецаковска, С., Лазаревска, С. *Програма за образование на Ромите* (2007) Скопје: Фондација Институт отворено општество- Македонија.

Schecter, R. S., Cummins. J. (2003) *Multilingual Education in.*

Vesna DIMITRIEVSKA

# THE INFLUENCE OF THE EDUCATION ON THE ATTITUDES OF THE POOR FAMILIES AND THE EDUCATION FACTOR IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA


## Abstract

*The poverty is a multidimensional phenomenon which corresponds to certain living conditions which mean that there isn't a possibility to participate in the social life of the community we belong to. There are numerous factors for its persistence.*

*This work considers only one factor - the education, analysing only part of the important issues and segments of the upbringing and the education of the poor families in the Republic of Macedonia. In that context the situation of the poverty in the Republic of Macedonia is analyzed and answers are given to the following questions:*

- *Is the education of the poor people a cause for the poverty in the Republic of Macedonia?*
- *Is there a difference in the education degree between the newly impoverished households, the traditionally poor households and the chronically poor households in the Republic of Macedonia? and*
- *What are the aspirations of the poor people for further education of the newly impoverished households, the chronically poor households and the traditionally poor households?*

*This work tends to give its own scientific contribution to the phenomenon of the poverty as well as to the reduction of the poverty by stimulating the poor households to educate themselves.*


***Keywords**: POVERTY, TRADITIONALLY POOR, CHRONICALLY POOR, NEWLY IMPOVERISHED, FAMILY, EDUCATION.*